**Национален Младински Совет на Македонија Скопје**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**за годината завршена на 31 декември 2022**
**со**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

# СОДРЖИНА

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ........................................................ 3

БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ......................................................... 5

БИЛАНС НА СОСТОЈБА ........................................................................................ 6

ДЕЛОВЕН ФОНД ..................................................................................................... 7

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ................................................... 8

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
www.rsm.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Национален Младински Совет на Македонија Скопје**

## Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Национален Младински Совет на Македонија Скопје (НМСМ) коишто го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2022, како и билансот на приходи и расходи и прегледот на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, изготвени на модифицирана готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
www.rsm.mk

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Национален Младински Совет на Македонија Скопје заклучно со 31 декември 2022 година, како и неговата финансиска успешност за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации.

*Скопје, 22.04.2024*

| Овластен ревизор | Друштво за ревизија |
|---|---|
| Јаглика Јорданова Андријеска | РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје |

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

| *(во илјади денари)* | Белешка | Година завршена на 31-дек 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| ***ПРИХОДИ*** | | | |
| Приходи од донации | 4 | 26.367 | 51.065 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **26.367** | **51.065** |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 4 | 17.212 | 9.225 |
| ***РАСХОДИ*** | | | |
| Програмски расходи | 5 | 31.113 | 43.078 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **31.113** | **43.078** |
| **Остварен вишок на приходи / (Непокриени расходи)** | | **12.467** | **17.212** |
| Данок на непризнаени расходи | | - | - |
| **Остварен вишок на приходи по оданочување / (Непокриени расходи по оданочување)** | | **12.467** | **17.212** |

Скопје, 28.02.2023

Филип Ивковски

Претседател

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| *(во илјади денари)* | Белешка | Година завршена на 31-дек 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| ***СРЕДСТВА*** | | | |
| **Долгорочни средства** | | **1.302** | **553** |
| Материјални средства | 6 | 1.302 | 553 |
| Нематеријални средства | 6.1 | - | - |
| **Тековни средства** | | **12.467** | **17.212** |
| Побарувања од купувачи | 7 | - | - |
| Останати побарувања | 8 | - | - |
| Парични средства | 9 | 12.467 | 17.212 |
| **АВР** | 10 | **-** | **-** |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | **13.769** | **17.765** |
| ***ФОНДОВИ И ОБВРСКИ*** | | | |
| **Фондови и резерви** | | **1.302** | **553** |
| Деловен фонд | | 1.302 | 553 |
| **Долгорочни обврски** | | **-** | **-** |
| **Тековни обврски** | | **-** | **-** |
| Обврски спрема добавувачи | 11 | - | - |
| Останати обврски | 12 | - | - |
| **ПВР** | 13 | **12.467** | **17.212** |
| ***ВКУПНО ФОНДОВИ И ОБВРСКИ*** | | **13.769** | **17.765** |

Скопје, 28.02.2023

Филип Ивковски

Претседател

# ДЕЛОВЕН ФОНД

**Преглед на движењето на деловниот фонд, ревалоризационите резерви и акумулираните вишоци на приходи**

| *(во илјади денари)* | Деловен фонд | Акумули-рани вишоци на приходи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ***2021*** | | | |
| **Состојба на 01.01.** | **693** | **9.225** | **9.918** |
| Приходи во годината | | 51.065 | 51.065 |
| Расходи во годината | | (42.937) | (42.937) |
| Зголемување на материјални средства/ (капитални расходи) | 141 | (141) | - |
| Амортизација | (281) | | (281) |
| **Состојба на 31.12.** | **553** | **17.212** | **17.765** |
| ***2022*** | | | |
| **Состојба на 01.01.** | **553** | **17.212** | **17.765** |
| Приходи во годината | | 26.367 | 26.367 |
| Расходи во годината | | (31.113) | (31.113) |
| Зголемување на материјални средства/ (капитални расходи) | 1.065 | - | 1.065 |
| Амортизација | (316) | | (316) |
| **Состојба на 31.12.** | **1.302** | **12.467** | **13.769** |

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. Општо за НМСМ

Националниот младинскиот совет на Македонија НМСМ е сојуз на здруженија во кој на доброволна основа членуваат здруженија и фондации од Република Македонија. НМСМ е основана на 29 јуни 2013 година од страна на 55 организации. Основана е на 29.06.2013 година.

НМСМ е претставничко тело на младинските организации во Македонија. НМСМ обединува 48 организации: 18 младински организации, 19 организации за млади, 1 сојуз, 7 подмладоци на други организации и 3 придружни членки, со цел да се промовираат и застапуваат младите и правата на младите во Македонија.

Членството на НМСМ е разновидно, обединувајќи организации кои работат на национално и регионално ниво, рурални и урбани средини, студентски организации, ограноци на меѓународни организации и други типови на здруженија. Во процесот на остварување на своите цели, НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничко и културно потекло, политичкото и верското уверување, сексуална ориентација, родов идентитет или било која друга форма на разлика.

Од 29 ноември 2015 година, Националниот младински совет на Македонија е дел од европското семејство на младински организации, Европски младински форум ЕМФ.

Асоцијацијата работи во согласност со Законот за Здруженија на граѓани и Фондации и Статутот. Главни органи на Национален Младински Совет на Македонија Скопје се: Собрание, Управен Одбор, Надзорен Одбор и Секретаријат.

Членови на Управен одбор се: Филип Ивковски – Претседател, Ангела Анѓеловска – Потпретседател, Андреј Стојкоски - Член на УО, Гуѕим Нухиу - Член на УО, Никола Ивановски - Член на УО, Дарко Тошиќ - Член на УО и Оливер Андреевски – Член на УО.

Членови на Надзорен одбор се: Панде Ефтимов – Претседател, Теодора Стефановска, Стефан Петровски, Мила Јовановска и Ана Клесова.

Седиштето на асоцијацијата е во Скопје, ул. Аминта Трети бр.29-1/3 Скопје – Центар.

Визија на НМСМ е независен, автономен и инклузивен младински сектор кој ги претставува младите во Македонија.

Мисијата на НМСМ е да ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска со сите чинители и да обезбеди вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво.

Цели на НМСМ се:

1. Зајакнување на улогата на НМСМ како претставничко тело на младите и младинските организации;

2. Поттикнување на процеси за креирање на соодветни политики кои овозможуваат социјален и личен развој на младите;

3. Застапување и делување во името на интересите на младите и младинските организации преку претставување на нивните интереси пред институциите;

4. Обединување и развој на капацитети на младинскиот сектор преку зајакнување и промоција на улогата на младинските организации;

5. Промоција на неформалното образование и поттикнување на креирање системи за поддршка на млади на локално и национално ниво;

6. Унапредување на положбата на младите во општеството преку: – Промоција и дејствување кон зајакнување на младинското учество во процесите на донесување на одлуки, – Промоција на младински активизам, младинско информирање и активно граѓанство помеѓу младите;

7. Унапредување на еднаквоста, третманот на младите, толеранција и демократијата кај и помеѓу младите.

**Тековна состојба на правното лице од регистарот на комори**

| | |
|---|---|
| ЕМБС | 6908446 |
| Целосен назив на правното лице | Национален Младински Совет на Македонија Скопје |
| Седиште | Аминта Трети бр.29-1/3 Скопје – Центар, Центар |
| Датум на основање | 29.06.2013 година |
| Единствен даночен број | 4017013523813 |
| Приоритетна дејност<br><br>Дејности во внатрешниот промет | 10.9 Останати општествени организации, фондации и здружение на граѓани<br><br>94.99 Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место |

**Сопственици:**

- ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје, ЕМБС 4064216
- Сојуз на ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА Скопје, ЕМБС 4070305
- Здружение Организација на жените на општина Свети Николе – Свети Николе, ЕМБС 4233859
- Македонско здружение за МЕЃУНАРОДНА РАЗМЕНА НА СТУДЕНТИ ОД ТЕХНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ Скопје, ЕМБС 4644760
- Асоцијација на европските студентски структури при универзитетот СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ Скопје. ЕМБС 4714504
- Здружение на граѓани ЕКОНОМСКО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИ МЕНАЏЕРИ Скопје, ЕМБС 5157323
- Здружение на граѓани ЕВРОПСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА СТУДЕНТИТЕ ПО ПРАВО во Република Македонија Скопје, ЕМБС 5256283
- Здружение ФОРУМ НА МЛАДИ Битола, ЕМБС 5315174
- Здружение на граѓани МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ Скопје, ЕМБС 5317797
- МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР Битола, ЕМБС 5336392
- Здружение на граѓани Х.Е.Р.А Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, ЕМБС 5380120
- Здружение на граѓани ЦИВИЛ – Центар за слобода Скопје, 5389704
- Здружение МУЛТИКУЛТУРА – Тетово, ЕМБС 5455499
- ИСЛАМСКИ МЛАДИНСКИ ФОРУМ Скопје, ЕМБС 5456860
- Здружение на граѓани КЛУБ НА ОРАТОРИ Скопје, 5490375
- Здружение на студенти од Медицинскиот факултет: Европска Медицинска Студентска Асоцијација на Македонија, ЕМБС 5506875
- Здружение на жени СИРМА Куманово, ЕМБС 5607418
- Здружение МЛАДИНСКИ СОЈУЗ – Крушево, ЕМБС 5639662
- Организација МЛАДИНСКА АЛИЈАНСА Тетово, ЕМБС 5682649
- Здружение Центар за развој и унапредување на јавниот живот Тетово, ЕМБС 5872987
- Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје, ЕМБС 5922020,
- Здружение на граѓани Здружение на млади АУРОРА Тетово, ЕМБС 5934524,
- Здружение на граѓани Реактор – истражување во акција Скопје, ЕМБС 5954096
- Фондација за претприемачки сервис за млади ПСМ Скопје, ЕМБС 6068146
- Здружение ЦЕНТАР ЗА МЕЃУКУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ КУМАНОВО, ЕМБС 6113559

- Здружение Центар за одржлив развој на заедницата Дебар, ЕМБС 6149200,
- Здружение за развој активизам АКВА Струга, ЕМБС 6152244
- Фондација за локален развој и демократија ФОКУС Велес, ЕМБС 6156568
- Здружение на граѓани РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ Гевгелија, ЕМБС 6165362,
- Фондација за развој на локалната заедница Штип, ЕМБС 6174043
- Здружение ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА Кичево, ЕМБС 6178740
- Здружение на млади КРЕАТИВ Скопје, ЕМБС 6191592
- Здружение на граѓани за демократија ТОГЕТХЕР МАЦЕДОНИА Битола, 6237991
- Здружение на граѓани Младинска Филмска Продукција КриејтивЕјт Скопје, 6326714
- Здружение на граѓани за заштита на културниот идентитет на Египќаните ИЗИДА 41/21 Ресен, ЕМБС 6356761
- Здружение Центар за Рурален Развој Бујрум с.Проевце, Куманово, ЕМБС 6469736
- Здружение МЛАДИ ЕВРОПСКИ ФЕДЕРАЛИСТИ Куманово, ЕМБС 6485707
- Здружение на граѓаните за одржлив развој и заштита на животната средина ГОУ ГРИН Скопје, ЕМБС 6562450
- Здруженине Регионална Ромска Образовна Младинска Асоцијација Кратово, ЕМБС 6565522
- Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, ЕМБС 6589634
- Здружение Европски Центар СН7 с.Доброште, Теарце, ЕМБС 6649181

| Овластени Лица |
|---|

| | |
|---|---|
| Име и Презиме: | Филип Ивковски |
| Овластувања: | Претседател |
| Овластено лице: | Овластено Лице |

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на НМСМ се изготвени во согласност со законските прописи кои се применуваат во Република Северна Македонија, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, во прв ред Законот за сметководство на непрофитни организации ("Службен весник на РСМ" бр. 24/03, 17/11 и 154/15) и Правилникот за сметководство на непрофитни организации (Службен весник на РСМ 42/03, 08/09, 12/09 и 175/11), како и соодветните подзаконски прописи донесени врз основа на Законот за непрофитни организации.

Финансиските извештаи се изготвени според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции. Тоа значи дека финансиските извештаи се изготвени на готовинска основа, каде што приходите се признаваат кога се наплатени, а расходите кога се платени, со дозволено пречекорување од 30 дена по завршување на извештајниот период.

Финансиските извештаи се изготвени врз претпоставка на континуитет во работењето, односно НМСМ нема намера и нема причини да ги прекине активностите во блиска иднина.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи се прикажани во понатамошниот текст. Сметководствените политики на НМСМ доследно се применуваат од година во година.

### 3.1 Политика на признавање на приходите и расходите

Признавањето на приходите и расходите се спроведува согласно член 13 од Законот за сметководство за непрофитни организации, односно според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции значи приходите да се признаат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции значи расходите да се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Ставките на залихите на материјали се признаваат во расходи по набавна вредност. Набавната вредност ја сочинува куповната цена, зголемена за увозните царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка, намалени за дисконти и за рабати.

### 3.2 Долгорочни средства

Долгорочните средства се искажуваат по набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 евра во денарска противвредност се класифицира како ситен инвентар којшто се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба.

*Амортизација*

Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите пропишани во Правилникот за сметководство на непрофитни организации сè додека вредноста на долгорочните средства не биде во целост надоместена. Кога ќе се надомести вредноста која претставува основица за пресметување на

амортизацијата, односно кога износот на набавната вредност на средствата е еднаков со отпишаната вредност, престанува натамошното пресметување на амортизацијата. Тоа важи и ако средствата потоа се користат за вршење на дејноста.

Отписот на вредноста на долгорочните средства се спроведува со праволиниска метода на отпис со примена на годишни стапки пропишани од страна на министерот за финансии во Правилникот за сметководство на непрофитни организации. Во прилог се дадени годишните стапки за амортизација, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| Опрема | 25% |
| Компјутери | 25% |
| Мебел | 25% |

Основица за отпис на долгорочните средства е набавната, односно ревалоризираната вредност на долгорочните средства.

Пресметувањето на амортизацијата на материјалните средства започнува да се врши од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење на дејноста.

*Ревалоризација*

Пресметката на ревалоризација на долгорочните средства се врши согласно член 15 од Законот за сметководство за непрофитни организации и членовите 29 и 29-а од Правилникот. Согласно цитираните законски одредби, пресметката на ревалоризацијата се врши во следниве случаи:

- при повлекување од употреба и отуѓување, или
- поради повторно вреднување со пораст на цените на производителите на индустриски производи.

Основица за ревалоризација на долгорочните средства претставува набавната вредност на средствата и нивната сметководствено искажана акумулирана амортизација (исправка на вредноста).

Ревалоризацијата на долгорочните средства поради нивно повторно вреднување се врши со примена на стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи, објавена од Државниот завод за статистика.

Ревалоризацијата се врши така што сите состојби на долгорочните средства се усогласуваат во согласност со извршената проценка до крајот на месецот кога средствата се повлекуваат од употреба, односно се отуѓуваат.

Ревалоризацијата се врши така што сите состојби на долгорочните средства од претходната година се множат со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи од почетокот до крајот на пресметковниот период, а за долгорочните средства кои се набавени во текот на пресметковниот

период нивната состојба се множи со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи од првиот ден на наредниот месец од месецот во кој е извршена набавката (вложувањето) до крајот на пресметковниот период.

Резултатот од ревалоризацијата на долгорочните средства се пренесува во корист или на товар на изворите на средства.

**3.3 Побарувања и обврски**

Билансните позиции на побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

**3.4 Парични средства**

Паричните средства се состојат од парични средства во денарска благајна, парични средства на сметка во деловна банка и парични средства на девизна сметка во деловна банка. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

**3.5 Износи искажани во странска валута**

Трансакциите во странска валута се искажани во денари според официјалниот курс на НБРСМ на денот на трансакцијата.

Странските средства и обврски во билансот на состојба се искнижени во денари според официјалниот курс на денот на составување на билансот на состојба.

Билансот на успех ги вклучува нето странските курсни добивки и загуби кои се резултат на конверзијата на износите во странска валута во периодот кога се појавиле.

## Белешка 4

*(во илјади денари)*

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Приходи** | **43.580** | **60.290** |
| **ПРИХОДИ ОД ЧЛЕНАРИНИ, ПОДАРОЦИ, ДОНАЦИИ И ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ИЗВОРИ** | **26.367** | **51.065** |
| Приходи од членарини (придонеси), подароци и донации | 26.367 | 51.065 |
| **ПРЕНЕСЕН ДЕЛ ОД ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА** | **17.212** | **9.225** |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 17.212 | 9.225 |

Донациите се основен извор на приходи со кои се остваруваат целите на здружението.

Донаторите со кои се склучени договори и износи на префрлени средства во годината може да се видат во долната табела.

*(во илјади денари)*

| **Приходи по донатори** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Комора на Атина | - | 4.516 |
| Јуниор Ачивмент Србија | 2.460 | 8.276 |
| Британска Амбасада | 8.467 | - |
| Национален младински совет Португалија | - | 110 |
| Програма за развој на Обединети Нации | 1.391 | - |
| Град Скопје | - | 20.233 |
| ИФЕС | 1.911 | - |
| East West Management Institute | 1.475 | - |
| Национална агенција за европски образовни прогарами и мобилност | 1.719 | 8.166 |
| Европска Комисија | 7.694 | - |
| ФООМ | - | 8.835 |
| Европска комисија | - | 246 |
| Група СОС Пулс 15 | 865 | - |
| Институт за соработка и истражување | 157 | - |
| Останати | 229 | - |
| **ВКУПНО ДОНАЦИИ** | **26.367** | **50.382** |

Во 2021 година остатокот од 683 илјади денари се: приходи од членарини 161 илјада денари и 522 илјади денари приходи по основ на државни поддршки за плати.

## Белешка 5

*(во илјади денари)*

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Расходи** | **31.113** | **43.078** |
| **МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **4.444** | **10.589** |
| Потрошени материјали | 180 | 285 |
| Потрошена енергија | 236 | 279 |
| Други услуги | 416 | 454 |
| Превозни - транспортни услуги | 280 | 234 |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 440 | 3.279 |
| Наемнини и комунални услуги | 949 | 2.754 |
| Други материјални расходи | 1.943 | 3.304 |
| **ДРУГИ РАСХОДИ** | **9.726** | **26.814** |
| Провизија за платен промет | 89 | 89 |
| Премии за осигурување | 216 | 91 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 1.091 | 768 |
| Надоместоци на трошоци на работници и граѓани | 5.606 | 22.494 |
| Негативни курсни разлики | 42 | 73 |
| Авторски хонорари | 2.682 | 3.299 |
| **ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА** | **9.591** | **-** |
| Пренесени средства на други субјекти | 9.591 | - |
| **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | **-** | **141** |
| Средства за опрема | - | 141 |
| **ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | **836** | **-** |
| Помошти, донации и други давања на субјекти | 836 | - |
| **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **6.373** | **5.420** |
| Вкалкулирани плати | 4.226 | 3.606 |
| Вкалкулирани надомести на плати | 2.147 | 1.814 |
| **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **143** | **114** |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 143 | 114 |

## Белешка 6

*(во илјади денари)*

## Материјални средства

| 2021 | Опрема | Мебел | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | |
| Состојба на 1.1. | 982 | 141 | 1.123 |
| Набавки во текот на годината | 141 | - | 141 |
| Отуѓување/расходување | - | - | - |
| Состојба на 31.12. | **1.123** | **141** | **1.264** |
| **Исправка на вредноста** | | | |
| Состојба на 1.1. | (360) | (71) | (430) |
| Амортизација за тековна година | (246) | (35) | (281) |
| Отуѓување/расходување | - | - | - |
| Состојба на 31.12. | **(605)** | **(106)** | **(711)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **518** | **35** | **553** |

| 2022 | Опрема | Мебел | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | |
| Состојба на 1.1. | 1.123 | 141 | 1.264 |
| Набавки во текот на годината | 1.065 | - | 1.065 |
| Отуѓување/расходување | - | - | - |
| Состојба на 31.12. | **2.188** | **141** | **2.329** |
| **Исправка на вредноста** | | | |
| Состојба на 1.1. | (605) | (106) | (711) |
| Амортизација за тековна година | (281) | (35) | (316) |
| Отуѓување/расходување | - | - | - |
| Состојба на 31.12. | **(886)** | **(141)** | **(1.027)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **1.302** | **-** | **1.302** |

## Белешка 6.1

*(во илјади денари)*

| Нематеријални средства | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| Состојба на 01.01. | - | - |
| Набавки во текот на годината | - | - |
| Отуѓување | - | - |
| Состојба на 31.12. | - | - |
| **Исправка на вредноста** | | |
| Состојба на 01.01. | - | - |
| Амортизација за тековна година | - | - |
| Отуѓување | - | - |
| Состојба на 31.12. | - | - |
| **Сегашна вредност 31.12** | **-** | **-** |

## Белешка 7

*(во илјади денари)*

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Побарувања од купувачи** | - | - |

## Белешка 8

*(во илјади денари)*

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Останати побарувања** | - | - |

## Белешка 9

*(во илјади денари)*

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Парични средства** | **12.467** | **17.212** |
| Жиро сметка | 10.871 | 8.150 |
| Девизна сметка | 1.596 | 9.063 |

## Белешка 10

*(во илјади денари)*

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **АВР** | - | - |

## Белешка 11

*(во илјади денари)*

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Обврски кон добавувачите** | - | - |

## Белешка 12

*(во илјади денари)*

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Останати обврски** | - | - |

## Белешка 13

*(во илјади денари)*

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **ПВР** | **12.467** | **17.212** |
| Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година | 12.467 | 17.212 |